# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 27.10.2023 ГОДИНА<br>БРОЈ 18 ГОДИНА 2023<br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019<br>Народна банка на РМ<br>ЕДБ 4021004146176 |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
**за прогласување на Одлука за преземање на финансиски долг на ЈП„Пелагонија" Кривогаштани**

1. Се прогласува за Одлуката за преземање на финансиски долг на ЈП „Пелагонија" Кривогаштани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 27.10.2023 година.

2. Одлуката за преземање на финансиски долг на ЈП „Пелагонија" Кривогаштани ќе се објави во „Службен гласник на општина Кривогаштани„.

Бр.09-1004/2<br>27.10.2023 година.<br>Кривогаштани

Градоначалник на<br>Општина Кривогаштани<br>Николче Мискоски

---

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 27.10.2023 донесе:

## О Д Л У К А
**за преземање на финансиски долг на ЈП„Пелагонија" Кривогаштани**

Член 1

Со оваа Одлука се одлучува да се преземе финансискиот долг кој го има ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани кон ЕВН Македонија АД Скопје и ЕВН Хоме ДОО Скопје во износ од 16.839.049 денари.

Член 2

Преземањето на финансискиот долг кој го има ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани кон ЕВН Македонија АД Скопје и ЕВН Хоме ДОО Скопје се врши бидејќи сметката на ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани е блокирана со Налози за извршување од претходни неисплатени побарувања, а со цел претпријатието да може да ја извршува својата основна дејност-снабдување со вода за пиење на населението и одведување и прочистување на отпадни води.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кривогаштани“.

Бр.08-982/3<br>27.10.2023 година<br>Кривогаштани

Претседател на Совет<br>на општина Кривогаштани<br>Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
**за прогласување на Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година**

1. Се прогласува за Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 27.10.2023 година.

2. Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1004/ 3<br>27.10.2023 година.<br>Кривогаштани

Градоначалник на<br>Општина Кривогаштани<br>Николче Мискоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/2002), член 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ''бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и ,,Службен весник на РСМ,,бр. 244/19,53/21,77/21,150/21 и 173/22), член 17 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кривогаштани (''Службен гласник на општина Кривогаштани'' бр.3/11, 14/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 27.10.2023 година донесе :

## ОДЛУКА

**за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година.

Член 2

Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 година влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Кривогаштани,,.

Бр.08-982/4
27.10.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на општина Кривогаштани
Горан Новакоски

ПРИЛОГ: **Измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК

**за прогласување на Одлука за формирање на Партиципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за формирање на Партиципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Кривогаштани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 27.10.2023 година.

2. Одлуката за формирање на Партиципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

| | |
|---|---|
| Бр.09-1004/4 | Градоначалник на |
| 27.10.2023 година. | Општина Кривогаштани |
| Кривогаштани | Николче Мискоски |

---

Врз основа на член 46 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 32/20 и 111/23), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 15 став 1 точка 1 и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани“ бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23.), Советот на Општина Кривогаштани на седница одржана на ден 27.10.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за формирање на Партиципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Кривогаштани**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Партиципативното тело за урбанистичко планирање на Општина Кривогаштани.

**Член 2**

Партиципативното тело се формира за обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање на Општина Кривогаштани, ги претставува сите различни интереси и интересни групи во локалната заедница и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите, ги разгледува планските програми и плански решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

Партиципативното тело има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на Градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија.

**Член 3**

Партиципативното тело се состои од 5 членови.

**Член 4**

За членови на Партиципативното тело се именуваат:

- Фаница Гогол –член на Комисија за урбанизам во Општина Кривогаштани,
- Гоце Нешкоски - вработен во единицата на локалната самоуправа,
- Горан Новакоски – претседател на Советот на Општина Кривогаштани,
- стручно лице вработено во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа,
- Марјан Мицески - член на месна заедници Обршани.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кривогаштани“.

Бр.08-982/5
27.10.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
**за прогласување на Деловник за работа на Партиципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Деловникот за работа на Партиципативното тело за урбанистичко планирање на Општина Кривогаштани што Советот на општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 27.10.2023 година.

2. Деловникот за работа на Партиципативното тело за урбанистичко планирање на Општина Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1004/5
27.10.2023 година.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 46 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 32/20 и 111/23), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 15 став 1 точка 1 и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани“ бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23.), Советот на Општина Кривогаштани на седница одржана на ден 27.10.2023 година донесе:

# Д Е Л О В Н И К
## за работа на Партиципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Кривогаштани

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Деловник поблиску се уредува организацијата и начинот на работа на Партиципативното тело за урбанистичко планирање на Општина Кривогаштани опишан во член 46 од Законот за урбанистичко планирање.

### 2. ЗАДАЧИ - НАДЛЕЖНОСТИ НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО

**Член 2**

За обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање, се формира Партиципативно тело за урбанистико планирање на Општина Кривогаштани. Партиципативното тело се формира на иницијатива на Градоначалникот на Општина Кривогаштани или доставена иницијатива на членовите.

Партиципативното тело ги претставува сите различни интереси и интересни групи во локалната заедница и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите, ги разгледува планските програми и плански решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

Партиципативното тело има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на Градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија.

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО

**Член 3**

Партиципативното тело го формира Советот на Општина Кривогаштани со Одлука за формирање на партиципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Кривогаштани.

Партиципативното тело се состои од 5 членови.

Членовите на Партиципативното тело се од редот на:

- комисијата за урбанизам на Општина Кривогаштани формирана од градоначалникот на Општина Кривогаштани,
- вработени во единицата на локалната самоуправа,
- членовите на Советот на Општина Кривогаштани,
- стручно лице вработено во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа,
- месните заедници, невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот или здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани.

Членот на Партиципативното тело од став 3 алинеја 4 од овој член ќе се менува во зависност од урбанистичкиот план што е предмет на расправа. Овој член ќе биде дел од Партиципативното тело по предлог на правното лице што го изработува урбанистичкиот план.

Членовите од став 3 алинеја 5 од овој член се избираат од доброволно пријавените лица по јавен оглас објавен од страна на Градончалникот на Општина Кривогаштани, објавен на веб страната на Општина Кривогаштани и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место во траење од 30 дена или по предлог на Градоначалникот на Општина Кривогаштани, во зависнот од урбанистичкиот план кој е предмет на расправа.

Членовите на Партиципативното тело може да бидат разрешени од страна на Советот на Општина Кривогаштани доколку не се одзиваат на повиците, не присуствуваат на седниците и не учествуваат активно во работата на Партиципативното тело.

Учеството на лицата вработени во единицата на локалната самоуправа во Партиципативното тело е по службена должност, а на лицата што не се вработени во единицата на локалната самоуправа е на доброволна основа.

**Член 4**

Активностите на Партиципативното тело ги координира претседател, кој се избира со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Партиципативното тело, со јавно гласање.

Претседателот избира свој заменик претседател кој ќе ги координира активностите на Партиципативното тело во случај на негово отсуство.

**Член 5**

Претседателот на Партиципативното тело раководи со неговата работа, го претставува Партиципативното тело, се грижи за спроведување на одредбите од Деловникот, одлучува за одржување на седниците и врши други надлежности определени со Деловникот.

Во отсуство на претседателот, сите наведени активности на Партиципативното тело ги координира заменик претседателот со истите права, должности и обврски како и претседателот.

## 4. НАЧИН НА РАБОТА НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО

**Член 6**

Партиципативното тело работи на седници.

Партиципативното тело се состанува по потреба, а најмалку еднаш на 2 (два) месеци по пат на меѓусебен договор на членовите.

Иницијатива за свикување на седница на Партиципативното тело може да поднесат сите членови на Партиципативното тело која треба да биде образложена. Иницијативата може да се поднесе во архивата во Општина Кривогаштани.

Местото за одржување на седниците е во просториите на Општина Кривогаштани.

Работата на Партиципативното тело е јавна.

**Член 7**

Претседателот на Партиципативното тело по електронски или писмен пат ги известува членовите за времето и местото на одржување на седницата и тоа најдоцна 5 (пет) денови пред нејзиното одржување.

Заради оправдани причини, во исклучителни случаи претседателот на Партиципативното тело може седниците да ги закаже во друг термин. Заради здравствени или други оправдани причини, во исклучителни случаи седниците може да се одвиваат и по пат на електронски средства на комуникација.

Заедно со предлог дневниот ред и материјалите за кои се расправа (планските програми и планските решенија на урбанистички планови во нивната работна верзија), се доставуваат до сите членови на Партиципативното тело 5 (пет) денови пред одржување на седницата, по електронски или писмен пат.

Членовите од редот на Комисијата за урбанизам на Општина Кривогаштани и изработувачите на планската програма односно урбанистичкиот план кој е предмет на разгледување, се должни да ги обезбедат потребните материјали.

**Член 8**

Седницата на Партиципативното тело се одржува ако се присутни мнозинство од вкупниот број членови.

На седниците на Партиципативното тело може да присуствуваат и учествуваат во работата и Градоначалникот и Претседателот на Совет на Општина Кривогаштани, без право на одлучување.

**Член 9**

Партиципативното тело заклучоците односно препораките ги носи со јавно гласање.

Заклучокот односно препораката се смета за донесена ако мнозинство од вкупниот број на присутни членови гласале „за“.

**Член 10**

За текот на работата на Партиципативното тело се води записник.

Записникот ги содржи основните податоци за работата на седницата, список на присутни лица, дискусии по точки од дневниот ред, донесените заклучоци и препораки како и резултатите од гласањето.

Донесените заклучоци и мислења од расправата се изготвуваат во писмена форма.

Записникот се доставува до членовите заедно со поканата за наредната седница на која и се усвојува.

Заклучоците односно препораките се доставуваат и до Градоначалникот на Општина Кривогаштани и до Одделението за урбанизам и заштита на животната средина на Општина Кривогаштани.

При усвојувањето на записникот, секој претставник има право да стави забелешки на записникот. За забелешките кои ќе се усвојат се прави исправка на записникот.

Во случај на различни мислења помеѓу членовите на Партиципативното тело, членовите кои не се согласуваат со донесените заклучоци односно препораки од страна на мнозинството на членови, имаат право да побараат нивното мислење да стои издвоено во записникот.

Записникот кој е усвоен го потпишува претседателот на Партиципативното тело или во негово отсуство заменик претседателот.

**Член 11**

Партиципативното тело има право да присуствува и учествува во расправата на сите седници на Советот на Општина Кривогаштани на кои се расправа за утврдување на нацрт на урбанистички планови, донесување на урбанистички план и донесување на Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани.

Презентирањето на заклучоците односно препораките на Партиципативното тело на седниците на Советот ги врши претседателот на Партиципативното тело или во случај на негово отсуство заменик претседателот.

**5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 12**

Изменување и дополнување на овој деловник ќе се врши на истиот начин и постапка како што се донесува.

**Член 13**

Овој Деловник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кривогаштани“.

Бр.08-982/6 Претседател на Совет
27.10.2023 година на општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
**за прогласување на Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите**

1. Се прогласува за Одлуката за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 27.10.2023 година.

2. Одлуката за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1004/6 Градоначалник на
27.10.2023 година. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

Врз основа на член 39 од Законот за заштита на правата на пациентите (''Службен весник на РМ“ бр.82/08; 12/09; 53/11, 150/15 и 190/19), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани ('Службен гласник на Општина Кривогаштани“ бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/ 16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седница одржана на ден 27.10.2023 донесе:

**ОДЛУКА**

**за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите**

Член 1

Со оваа Одлука се формира Комисија за унапредување на правата на пациентите која има за задача: унапредување на правата на пациентите и нивна заштита, ја следи и проценува состојбата со заштита на правата на пациентите, предлага мерки за подобрување на заштита на правата на пациентите и други задачи соглсно член 42 од Законот за заштита на правата на пациентите.

Член 2

Комисија за унапредување на правата напациентите е составена од 11 (единаесет) членови.

Член 3

За членови на комисијата се именуват:

1. Михаела Грашкоска- претставник на пациентите
2. Викторија Лукароска - претставник на пациентите
3. Стеве Јанчески- претставник на здружение што се занимава со права на пациенти
4. Винета Новакоска- претставник на здружение што се занимава со права на пациенти,
5. Валентина Бозароска - претставник на здружение што се занимава со права на жени,
6. Деан Бунески-претставник на здружение што се занимава со права на лица со попреченост,
7. Гоце Белески- лекар
8. Христина Белеска- лекар
9. Александар Папучкоски- лекар
10. Александра Јанческа
11. Александра Лукароска

Член 4

Мандатот на členовите на Комисијата е со времетраење од две години.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Кривогаштани“.

Бр.08-982/7
27.10.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на општина Кривогаштани
Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК

**за прогласување на Одлука за разрешување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за разрешување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани, што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 27.10.2023 година.

2. Одлуката за разрешување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1004/7
27.10.2023 година.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа на член 114 став 8 од Законот за заштита на децата (,,Службен весник на РМ,, бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19 и 275/19), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 17 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр. 3/11, 17/14, 10/16, 17/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 27.10.2023 година донесе:

## О Д Л У К А

**за разрешување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани**

Член 1

Со оваа Одлука се разрешуваат членовите на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани:

- Лидија Глушеска од Обршани - претставник од основачот,
- Валентина Мијајлеска од Врбјани - претставник од основачот,
- Елена Китаноска од Кривогаштани-претставник од родителите на ЈОУДГ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Кривогаштани,,.

Бр.08-982/8
27.10.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК

**за прогласување на Одлука за именување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за именување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани, што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 27.10.2023 година.

2. Одлуката за именување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1004/8
27.10.2023 година
Кривогаштани

Градоначалник на
општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 114 став 8 од Законот за заштита на децата (,,Службен весник на РМ,, бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19 и 275/19), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 17 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр. 3/11, 17/14, 10/16, 17/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 27.10.2023 година донесе

**ОДЛУКА**
**за именување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани**

Член 1

Со оваа Одлука се именуваат членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани.

Член 2

За членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца-Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани се именуваат:

- Анета Чорбоска - претставник од основачот,
- Маријана Киселоска - претставник од основачот
- Надица Цивкароска- претставник од родителите

Член 3

Членовите на управниот одбор се именуваат за период до истекот на мандатот на постојниот состав.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општината Кривогаштани,,.

Бр.08-982/9
27.10.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Митре Станчески од Обршани**

1. Се прогласува за Одлуката за одобрување на финансиски средства на Митре Станчески од Обршани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 27.10.2023 година.

2. Одлуката за одобрување на финансиски средства на Митре Станчески од Обршани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1004/9 Градоначалник на
27.10.2023 година. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр 5/2002) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (''Службен гласник на Општина Кривогаштани'' бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 06.07.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на Митре Станчески од Обршани**

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на Митре Станчески од Обршани.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Кривогаштани да исплати сума во износ од 30.000 денари од Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година на Митре Станчески од Обршани.

Член 3

За начинот на реализација на финансиската помош, ќе се донеси посебно Решение.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Кривогаштани''.

Бр.08-982/10 Претседател на Совет
27.10.2023 година на општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

**СОДРЖИНА**

**на акти донесени на 38-ма седница на Совет на Општина Кривогаштани одржана на ден 27.10.2023 г. и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани**


1. Заклучок за прогласување на Одлука за преземање на финансиски долг на ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани,…………………………………………………………........…1

-Одлука за преземање на финансиски долг на ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани……………………………………………………..............................1

2. Заклучок за прогласување на Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година………………………………………………………………………………….........2

- Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година..3

3. Заклучок за прогласување на Одлука за формирање на партиципативно тело за урбанистичко планирање на општина Кривогаштани………………………………………………......3

- Одлука за формирање на партиципативно тело за урбанистичко планирање на општина Кривогаштани………………………………………………………………………………………………….............4

4. Заклучок за прогласување на Деловник за работа на партиципативното тело за урбанистичко планирање на општина Кривогаштани..................................................5

- Деловник за работа на партиципативното тело за урбанистичко планирање на општина Кривогаштани............................................................................................................6

5. Заклучок за прогласување на Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите.......................................................................................10

- Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите,.......................................................................................................11

6. Заклучок за прогласување на Одлука за разрешување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, општина Кривогаштани,........................................................................................12

- Одлука за разрешување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, општина Кривогаштани......12

7. Заклучок за прогласување на Одлука за именување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани........................................................................................13

- Одлука за именување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ,,Весело Штркче,, во с.Кривогаштани, општина Кривогаштани.............14

8. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финасиски средства на Митре Станчески од Обршани.........................................................................................14

- Одлука за одобрување на финасиски средства на Митре Станчески од Обршани............15

ПРИЛОГ: Измена и дополнување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година



**Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**

**Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности**

**Тираж: 20 примероци**